лепско во Битолскиот и Ќустендилскиот затвор, 1943"; Радован Цветковски „Одразот на македонската поезија во некои настани од НОВ во Прилеп и Прилепско"; Нуфро Јованоски „Активноста на Илка Василеска — Присаѓанка, Божана во Гостиварско—Мавровскиот и Кичевскиот регион"; Љубен Георгиевски —Љупта „Александар—Цане Илиески—Форцата"; Нада Јурукова „Капитулацијата на Италија и одразот во Прилеп и Прилепско"; Боро Јовановски „Прилог кон библиографијата за Прилеп и Прилепско 1941—1943 година"; и Димитар Димитровски — Такец „Чебрен во НОВ".

Од презентираните реферати може да се види дека активноста на Партијата во Прилепското подрачје, пројавена во 1941 и 1942 година, а потоа во 1943 година со засилено темпо, и заедно со активноста што ја пројавуваат партиските организации во останатите подрачја во Македонија, претставува сериозна за кана на окупаторската власт. И покрај тоа што окупаторот се служи со разни методи и постапува сè поригорозно против комунистите, скоевците и привржаниците на НОД, НОД во 1943 година сè повеќе се шири и го достигнува својот врвен развиток. На крајот можеме слободно да заклучиме дека исцрпните реферати поднесени на овој научен собир како и богатата содржајна дискусија што се разви придонесоа доста опширно да се расветлат бројни прашања од 1943 година.

Организаторот на симпозиумот и градот Прилеп како домаќин со својата успешна организација како и со мошне срдечниот прием, во оваа прилика се потврдија уште еднаш дека имаат широки можности за успешно одржување на вакви и слични манифестации.

Овој симпозиум ќе биде една основа, еден поттик, една помош за идните истражувачи кои врз научна основа ќе продолжат да ја истражуваат историјата на НОД општо во Македонија како целина, и во Прилепското подрачје како нејзин интегрален дел.

Сите материјали од симпозиумот ќе бидат печатени во посебен зборник како што беше практика и со претходните симпозиумски материјали.

Нада ЈУРУКОВА

## Научен собир „ОСНОВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА" одржан во Скопје на 1, 2, 3. XI 1979 година

Научниот собир „Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија" се одржа под покровителство на претседателот на СКЈ Јосип Броз Тито.

Во присуство на околу 60 учесници и голем број гости од СРМ и од другите републики на нашата земја, Собирот го отвори претседателот на Претседа-

телството на СРМ и на организациониот одбор на Собирот Љупчо Арсов. Во својот воведен збор Љупчо Арсов истакна дека овој Собир се одржува во годината кога ја одбележуваме 60-годишнината од формирањето на КПЈ—СКЈ, револуционерните синдикати и СКОЈ и неговата цел е да придонесе за расветлување на повеќе настани од активноста на КПЈ во Македонија, да ги збогати научните сознанија за формирањето и развојот на КПМ и нејзината улога и придонес во НОБ и Народната револуција, како и во изградбата на нашата југословенска социјалистичка заедница.

Пред учесниците и гостите на Собирот беше прочитано и поздравното писмо од Претседателот на Републиката и на СКЈ Јосип Броз Тито.

Од името на ЦК на СКМ Собирот го поздрави претседателот на ЦК на СКМ Ангел Чемерски. Во својот поздравен збор, Чемерски го истакна значењето на формирањето на КПМ за македонскиот народ, како и потребата почесто да се навраќаме кон целите, карактерот и текот на бурните и сложени процеси од периодот на револуционерните борби со цел да „црпиме нови идеи и постојано да отвораме нови развојни патишта во изградбата на нашето социјалистичко самоуправно општество". Понатаму тој го истакна големиот придонес на македонската историографија во расветлувањето на нашиот историски развиток и набележа некои задачи што треба да бидат исполнети во иднина од нашата историографија.

Претседателот на организациониот одбор на Научниот собир, Љупчо Арсов во поопширното експозе на својот воведен реферат „Создавањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија", ги опфати скоро сите поважни развојни етапи на КПЈ во Македонија до формирањето на КПМ, потоа улогата на КПМ во НОБ во Македонија и во изградувањето на новата народна власт, конституирањето на АСНОМ и др.

На Собирот беа изнесени експозеа на 46 реферати. Во нив се обработени многубројни и разновидни прашања поврзани со активноста на Партиската организација во Македонија уште од формирањето на КПЈ, нејзиниот развоен пат, еволуирањето на нејзините ставови по националното и посебно по македонското национално прашање, нејзината улога во разраснувањето на антифашистичкото движење во земјата пред Втората светска војна, нејзината улога во организирањето и започнувањето на вооружената борба против окупаторот во Македонија, разгорот на вооружената борба во Македонија и создавањето на поволни услови за формирање на Комунистичка партија на Македонија, значењето на тој чин за македонскиот народ, нејзината активност во првите повоени години и др.

Голем дел од рефератите беа посветени на периодот меѓу двете светски војни на: организационата поставеност и разновидната активност на Партијата сред масите, тешките услови под кои ја вршеше својата дејност, прогоните, апсењата, убиствата во

време на Диктатурата, консолидацијата на Партијата по 1933/34 година, нејзината улога во создавањето на Народниот фронт, придонесот на Јосип Броз Тито по 1936 година за консолидација на нејзините редови и за претворање на КПЈ во партија на масите, потоа на прашања поврзани со синдикалното и младинското движење, како и активноста на демократските и прогресивните сили кои се наоѓаа во другите југословенски земји и сл. Поопширни толкувања и нови сознанија за одделни проблеми и настани поврзани со гореспоменатите прашања наоѓаме во рефератите на: Славка Фиданова, КПЈ во Македонија од 1929 година до Априлската војна; д-р Орде Иваноски, Македонската национална и социјална револуција во стратегијата и тактиката на КПЈ во југословенската социјалистичка револуција во меѓувоениот период; др Душан Лукач, Место и улога централних органа КПЈ у афирмацији македонске нације између два светска рата; д-р Марија Јовановиќ, Прогони на просветниот кадар поради ширењето на комунистички идеи во Вардарска Македонија од 1919—1921 година; д-р Владо Картов, Значењето на Четвртата земска конференција за израснувањето на КПЈ во предводничка сила на македонското национално-ослободително движење; Босилька Јањетовић, Претварање урсових синдиката из реформистичких у револуционарних у Македонији; д-р Миле Тодоровски, КПЈ во Македонија и синдикалното движење 1937—1940 година; Вера Ацева, Покраинската конференција на КПЈ за Македонија одржана во септември 1940 година; др Војо Рајчевић, Македонска револуционарна омладина на Загребачком Свеучилишту између два рата; Милутин Фолић, Лист „Социјалистичка зора" и везе КПЈ — Македоније и КПЈ — Косова и Метохије 1919—1921; Иван Јелић, КПХ и национално ослободилачки покрет македонског народа; Јуре Перовшек, Словенски комунисти ин в прашање македонскега народа лета 1923; Мустафа Карахасан, Турската народност како субјект во класнонационалната политика на КПМ; др Мирољуб Васић, Револуционерно демократски омладински покрет у Македонији у време припрема за револуцију (1937—1941); Радоје Пајовић, Однос црногорских комуниста према македонском националном покрету 1919—1941; Вичентије Ђорђевић, Значај формирања комунистичке партије Југославије;

Поголем дел од рефератите беа посветени на повеќе прашања и настани поврзани со работата и активноста на Партијата во периодот на Народноослободителната борба и Народната револуција 1941—1945 година и посебно на нејзината улога како предводник на македонскиот народ и народностите во борбата за национално и социјално ослободување. Исто така големо внимание е посветено и на претпоставките кои доведоа до формирањето на Комунистичката партија на Македонија во почетокот на 1943 година. Тоа се рефератите на: Перо Дамјановић, Титов

Допринос борби македонског народа за ослобођење и националну афирмацију; д-р Данчо Зографски, Формирањето на Комунистичката партија на Македонија и македонското национално прашање; д-р Велимир Брезоски, Организационата и политичката состојба на КПЈ во Македонија во време на основањето на КПМ; Страхил Гигов, Формирањето на Комунистичката партија на Македонија; д-р Александар Христов, КПМ — легитимен претставник на виталните национални интереси на македонскиот народ во револуцијата 1941—1945; Бошко Станковски, Писмото на Стеван Наумов — Стив до Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, мај 1942 година; м-р Милица Бодрожиħ, Радничка класа Македоније у ослободилачком рату и социјалистичкој револуцији 1941—1945 године; Петар Пепељуговски, Комунистичката партија на Македонија и развојот на воената организација на НОВ и револуцијата 1941—1942 година во Македонија; Новица Вељановски, КПЈ (КПМ) по прашањето на народната власт во текот на НОВ 1941—1944 година; Томо Ристовски, Облици на отпор против окупаторот до почетокот на вооруженото востание (април—октомври 1941 година); Михајло Апостолски, Партијата — мобилизатор на македонскиот народ и народностите во НОВ и Револуцијата; Лазар Мојсов, Меѓународната констелација на НОБ во Македонија; Боро Митровиќ, Помошта на ЦК КПЈ за средување на положбата во партиската организација на Македонија во почетокот на НОБ; Душко Поповски, Некои документи на БКП за македонското национално прашање; д-р Владо Ивановски, Формирањето и активноста на обласните комитети на Комунистичката партија во Македонија; Диме Бојановски, За карактерот на револуцијата од 1941—1944 година и на бугарскиот фашистички окупаторски режим во македонија; д-р Зоран Лакић, Јавност у Црној Гори 1941—1945 о НОП у Македонији; д-р Никола Живковић, Партиско-политички рад-покрет отпора југословенских комуниста и антифашиста у затворима и концентрационим логорима у Другом светском рату; д-р Драго Боровчанин, Македонија у одлукама Другог заседања АВНОЈ-а; д-р Масар Кодра, Комунистичката партија на Македонија и народностите 1939—1944 година; д-р Трајче Грујоски, Развојот на битолската организација на КПЈ и влијанието на состојбата во Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија; Галена Куцуловска, Судските процеси во Македонија 1941—1944 година; Петар Михајловски, Создавањето на организацијата на КП во Неготино (Вардар) и околните села во предвечерието на Втората светска војна; Хранислав Ракић, Везе и сарадња партиске организације КПЈ и револуционарних снага јужне Србије и северне Македоније 1941—1944 године.

Помал дел од поднесените реферати на овој Собир се однесуваа и на развитокот на работничкото и комунистичкото движење на македонскиот народ во Егејска и Пиринска Македонија

и на учеството на македонскиот народ на страната на демократските и прогресивните сили во Бугарија и Грција, и за извојување на национална слобода и рамноправност на Македонците во соодветните земји. Тоа се рефератите на: д-р Иван Катарџиев, Местото на комунистичкото движење во Пиринска Македонија во борбата против фашизмот и во борбата за афирмација на македонскиот национален индивидуалитет; Вангел Ајановски, Комунистичката партија на Македонија — борец и организатор на националните интереси на македонскиот народ; Лазар Поплазаров, КПМ и Народноослободителната борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија; Ристо Кирјазовски, Организирањето на комунистите во Егејска Македонија; Наум Пејов, Облиците на соработка меѓу НОБ на Југославија и на Грција — значаен фактор за развојот на отпорот во Егејска Македонија во текот на Народноослободителните борби на Балканот.

На крајот беше поднесено и едно експозе на рефератот посветен на активноста на КПМ во повоениот период од м-р Лазар Лазаров, Организациониот развој и состав на партиската организација (КПМ) во периодот на социјалистичката изградба на НР Македонија до 1954 година.

Во дискусијата што се водеше по ислушаните експозеа на рефератите и во трите дена, учествуваа околу 30 дискутанти. Во нивните дискусии и полемики се покренаа многу интересни прашања и се разјаснија извесни моменти поврзани со организационата поставеност и сестраната активност на Партијата во Македонија од 1919—1945 година.

На крајот од Научниот собир претседателот на организациониот одбор Љупчо Арсов предложи да се испрати поздравно писмо од Научниот собир до Јосип Броз Тито. Воедно Љупчо Арсов во завршниот збор со кој го затвори Собирот, истакна дека работата на Собирот беше успешна, а поднесените реферати и дискусии ќе бидат од голема корист и ќе придонесат многу за пишувањето на Историјата на СКМ. Во исто време овој Собир ќе даде поттик и за организирање на други слични собири на кои ќе се третираат определени периоди, прашања, настани и сл. од историјата на работничкото движење во Македонија. Тој ја истакна потребата приложените реферати и дискусии да се објават во посебен зборник.

Даринка ПАЧЕМСКА

## СЕДМИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

**(Аранѓеловац, 29—31. VII 1979)**

Барањето на такви форми коишто ќе овозможат историската наука да им стане попристапна на учениците е стара онол-